КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## ЈУЛИ 2020




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Под влијание на честите позитивни вести за развојот на вакцините против корона-вирусот, како и позитивните резултати на големите технолошки компании, повеќето пазари на капитал оствариja раст на индексите во текот на месец јули. Најголем раст во текот на месецот имаа акциите од земјите во развој со раст од 8,42% (мерени преку MSCI Emerging Market индексот) и акциите на американските компании со раст од 5,51% (мерени преку S&P 500 индексот), додека единствено европските акции имаа пад на вредноста од 1,11% (мерени преку STOXX 600 индексот).
Од почеток на годината најголем пад на вредноста имаат европските акции чија вредност се намали за 14,31% (мерени преку STOXX 600 индексот), а раст на вредноста имаат само американските акции чија вредност се зголеми за 1,25% .




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
Извор: Блумберг

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk



# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за 4,20%, со што падот од почеток на годината намали на 7,73%.

Најголем раст во месец јули имаа акциите на ТТК Банка Скопје со раст од 11,11%, акциите на НЛБ Банка чија вредност се зголеми за 8,44% и Комерцијална Банка Скопје со раст од 8,43%, додека акциите на Македонија Турист и Македонски Телеком имаа пад од 1,79% и 1,24% соодветно.

Од почеток на годината значителен пад на вредноста имаа Македонија Турист со пад од 21,85%, ТТК Банка со пад од 16,57%, Стопанска Банка Битола со пад од 16,10% и Макпетрол со пад од 15,62%, а за истиот период вредноста на акциите на Алкалоид се зголеми за 5,14%.




Извор: Блумберг



## ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Неизвесноста во економијата предизвикана од корона-вирусот, како и мерките кои беа превземени од централните банки доведе до голема волатилност на приносите и цените на државните обврзници.

Од почеток на годината значителна волатилност имаа македонските, руските, италијанските и американските државни обврзници. На крајот на месец јули највисок принос од анализираните обврзници имаа руската обврзница со принос од 2,48% и македонската обврзница со принос од 2,20%, додека германската и швајцарската обврзници имаа најниски приноси, со принос од -0,52% и -0,54% соодветно.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




* Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 01/18/2025

Извор: Блумберг



КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

## ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец јули со исклучок на британската фунта (GBP) сите анализирани валути ја намалија својата вредноста во однос на еврото. Најголем пад за месецот имаа руската рубља (RUB) која ја намали вредноста во однос на еврото за 8,00% и американскиот долар (USD) со пад од 4,63%.

Од почеток на годината најголем пад во однос на еврото имаа руската рубља (RUB) чија вредност се намали за 20,14% и британската фунта (GBP) со пад од 6,05%, а единствено швајцарски франк (CHF) ја зголеми вредноста за 0,93%.




Извор: Блумберг